Национален младински совет
на Македонија

# Национален младински совет на Македонија

2021

**ВОВЕД**

**За НМСМ**

1. **ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

1.1 Членство

1.2 Меѓународни односи и национални политики

1.3 Организациски развој

2. **ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**

2.1 Проект за граѓанско учество - Civic Engagement Project (CEP)

2.2 Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија

2.3 БАЛКАНСКИ МЛАДИ: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионални практики за вработување (BY LEAP)

2.4 МладиХАБ - Дигитална младина (MladiHUB - Digital Youth)

2.5 МЛАДИХАБ – ГРАДЕЊЕ ВЕШТИНИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, КОМПЕТЕНЦИИ И МОЖНОСТИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ ЗА МЛАДИТЕ

2.6 SOCIAL ENTREPRENEURSHIP FOR YOUTH EMPLOYMENT – СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

2.7 REINFORCEMENT OF SUPPORT STRUCTURES FOR NEETS IN THE ENTREPRENEURIAL FIELD – ЗАКАЈНУВАЊЕ НА СТРУКТУРИТЕ НА NEET МЛАДИ ВО ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ПОЛЕ

3. **Работен план на Националниот младински совет на Македонија 2021 година**

4. **НМСМ и Social Media**

5. **Секретаријат на Национален младински совет на Македонија**

# ВОВЕД

Од своите почетоци Националниот совет на Македонија активно работи во насока на претставување на интересите и потребите на младите луѓе и поттикнување на вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво. Како национална чадор организација на сите млади во Македонија, во 2021 година НМСМ обединува 50 организации, меѓу кои 15 младински организации, 20 организации за млади, 1 сојуз, 7 подмладоци на други организации и 7 придружни членки, со цел да се промовираат и да се залагаат за правата на младите во Македонија.

Во 2021 и покрај сите предизвици НМСМ преку своето работење и залагање може да се истакне со успешни резултати кои говорат за постојаната поддршка на организациите членки и останатите форми младинско здружување и активно превземање на активности кои директно влијаат врз подобрување на положбата на младите во општеството. Некои од резултатите кои постигнати преку постојаната и активна работа на НМСМ во 2021 се:

- НМСМ работеше на 7 тековни проекти;
- подготви 2 нови проектни апликации со други Национални младински совети;
- апликацкација на проект со три организации членки;
- тековно НМСМ е дел и од 2 меѓународни иницијативи со кои се зацврстува соработката и се отвора можност за вмрежување со меѓународни организации и институции;
- потпишани 2 меморандуми за соработка со Национални младински совети од Западен Балкан;
- директна поддршка за 30 организации членки за различни активности;
- спроведени обуки кои вклучија 15 организации членки;
- ментори за креирање на Стратешки планови и План за прибирање средства на 6 организации членки;
- поддржани 19 организации членки со 29 парктиканти;
- преку своите програмски и проектни активности НМСМ во 2021година директно и индиректно опфати повеќе од 4000 млади лица, а сите детали и постигнати резултати од работата на НМСМ во текот на 2021 соодветно во одделни делови се изнесени во продолжение на овој извештај.

# За НМСМ

Националниот младинскиот совет на Македонија НМСМ е сојуз на здруженија во кој на доброволна основа членуваат здруженија и фондации од Република Македонија. НМСМ е основана на 29 јуни 2013 година од страна на 55 организации. НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации и други типови на здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичкото и верското уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или било која друга форма на разлика. Од 29 ноември 2015 година, Националниот младински совет на Македонија е дел од европското семејство на младински организации, Европски младински форум ЕМФ.

Во моментов во Советот членуваат 50 организации, сојузи и подмладоци на политички партии. Организациите кои што се дел од советот работат на различни полиња кои што се поврзани со младите, од невработеност и меѓукултурен дијалог, до корупција, здравствени прашања и неформално образование. Истите, иако се разликуваат по организациска структура и големина, се обединети под интересот да ги претставуваат младинските потреби и проблеми, застапувајќи за системски решенија кои ќе овозможат младите активно да се вклучени во процеси на носење на одлуки на сите нивоа.

**_Визија_**

*Независен автономен и инклузивен младински сектор кој ги претставува младите во Македонија*

**_Мисија_**

*Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво.*

**Цели**

- Зајакнување на улогата на НМСМ како претставничко тело на младите и младинските организации;
- Поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите;
- Застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите;
- Обединување и развој на капацитети на младинскиот сектор преку зајакнување и промоција на улогата на младинските организации;
- Промоција на неформалното образование и поттикнување на креирање системи за поддршка на млади на локално и национално ниво;
- Унапредување на положбата на младите во општеството преку: – Промоција и дејствување кон зајакнување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки, – Промоција на младински активизам, младинско информирање и активно граѓанство помеѓу младите;
- Унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократијата кај и помеѓу младите.

**Стратешки приоритет 1**: *Зајакнување, професионализација и следење на развојот на капацитетите на работните тела и членките на НМСМ*

**Стратешки приоритет 2:** *Интеграција и зајакнување на младинското претставување во општествено политичките процеси*

**Стратешки приоритет бр. 3**: *Вклучување, позиционирање и мониторинг на спроведувањето на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики*

**Стратешки приоритет бр. 4** *Поддршка и заштита на младите во остварувањето и унапредувањето на нивните права*

# 1. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

## 1.1 Членство

Како чадор организација, водејќи се по поставените стратешки приоритети НМСМ во текот на 2021 год. акитвно работеше и на јакнење на капацитетите на организациите членки, но и на сите други форми на организирање на младите за дејствување во рамки на граѓанскиот сектор. За таа цел најпрво беше изработен прашалник кој ги идентификува потребите на организациите членки и согласно евидентираните конкретни информации и препораки во текот на цела година НМСМ преземаше активности за унапредување на соработката и поддршка на организациите членки и телата на НМСМ. Согласно тоа, беа организирани 3 обуки (обука за комуникации, обука за застапување и обука за прибирање на средства) во кои беа вклучени вкупно 15 организации членки. Дополнително во организирана обука за пишување на документи за јавни политики учествуваа вкупно 20 младински организации меѓу кои и 5 организации членки на НМСМ. Јакнењето на капацитети на организациите членки се одвиваше и преку меѓусебна соработка, остварување на партнерства, поддршка при активности и подготовка на заеднички апликации и имплементација на проекти со НМСМ. Во текот на 2021, 30 организации членки добија поддршка за спроведување на различни активности кои директно влијаат врз јакнењето на нивните капацитети и видливост како активни чинители во граѓанскиот сектор. Согласно потребите на организациите членки за 6 од нив беа назначени и ментори и беше целосно спроведен процес за креирање на Стратешки планови и План за прибирање средства како клучни документи за успешно делување и градење на одржливост на една организација. Поддршката за членството на НМСМ во оваа година беше истакната преку низа на директна финансиска и друга помош за организациите како што е обезбедувањето на платени практиканти за 19 организации членки, доделените два грантови на три организации челнки за младинско претприемништво, доделените грантови на 7 регионални канцеларии за следење на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики, финансиските средства на организации членки за организација

на town hall дискусии и влучувањето на членството и како тренери и како мобилизатори на заедницата. Дополнително, за потребите на организациите членки при реализација на свои активности НМСМ даваше поддрша преку бесплатно обезбедување на zoom линкови за вебинари и го отстапуваше на користење просторот  на МладиХаб, при што истиот бил искористен вкупно 40 пати во текот на 2021 година. Успешноста во поддршката на организациите членки на НМСМ се истакнува и со поддршката на 3 канцеларии за отворање на еден младински центар и 2 регионални МладиХаб канцеларии, а заедничката соработка помеѓу НМСМ и организациите членки резултираше и со поднесување на партнерски апликации за проекти.

## 1.2 Меѓународни односи и национални политики

Во текот на 2021 година, Националниот младински совет се залагаше и за претставување и застапување на младите на локално, национално и меѓународно ниво. Од аспект на меѓународни односи во 2021 НМСМ се истакнува со учество во Собранијата на ЕМФ, вмрежување со Национални младински совети и меѓународни младински организации кои резултираа со 2 потпишани меморандуми за соработка со Национални младински совети од Западен Балкан, застапување на меѓународно ниво за унапредување на Гаранцијата за млади на Европско ниво.  Дополнително, НМСМ имаше учество во Western Balkan Youth Lab процеси преку примена на методологијата на структурен дијалог и и беше креирана работна група за млади и ментално здравје. Меѓу другите активности, НМСМ изработи и документ за јавни политики „Што има за младите во Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан на ЕУ“ во рамки на иницијативата Connecting Youth – Western Balkans Youth Cooperation platform, а учествуваше и во избор на UN Youth Delegate. Дополнително, изминатава година Советот на Европа ја одобри апликацијата на НМСМ за спроведување на студиска сесија на тема „Мултисекторска соработка за инклузија на младите Роми и маргинализираните групи“, во партнерство со Националните младински совети на Бугарија, Романија и Украина, и нашата членка Регионална Ромска образовна младинска асоцијација (РРОМА). Студиската сесија ќе се одржи во 2022 во Европскиот младински центар во Будимпешта.

Исто така, беа превземени низа активности во насока на застапување на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики и воспоставување соработка и стимулирање на надлежните институции со цел навремено и квалитетно остварување на одредбите од законот. За таа цел се усвои Стратегија за позиционирање на НМСМ во процесот за Национално собрание на млади соглесно Законот и се работеше на стимулирање на организациите членки да се впишат во Регистарот на форми на младинско организирање на Агенцијата за Млади и Спорт, во кој регистар беше регистриран и НМСМ. Во текот на 2021 НМСМ редовно спроведуваше увид во документацијата на Агенцијата за млади и спорт за Регистарот на форми на младинско организирање, а од страна на Регионалните канцеларии на НМСМ беа спроведени иницијативи за истакнување на важноста за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики. Како дел од активностите поврзани со законот во 2021 НМСМ спроведе и мониторинг на имплементацијата на законот за младинско учество и младински политики, а добиените наоди ќе бидат соодветно презентирани во подготвен и објавен извештај.

Во своето работење во 2021 година, НМСМ застапуваше и за законска измена во Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, која би овозможила алтернативни методи на регистрација, односно потврдување на статусот на активен барател на работа (за разлика од досегашната одредба која налага физичко потврдување секои 30 дена) и лобирање за законска измена во Закон за трговски друштва со цел намалување на основниот влог за започнување на Д.О.О. или Д.О.О.Е.Л. од 5.000 евра на 1 евро, со цел стимулирање на младинското претприемништво. Континуирано се работеше и на унапредување на политиката Гаранција за млади, базирано на искуствата во самата имплементација и застапување за спроведување на теренската работа во рамки на ГМ, а беше одржан и настан Младински дијалог: Гаранција за млади со цел младите директно да се обратат на релевантните чинители одговорни за оваа политика. Исто така и во 2021 НМСМ работеше на истражување и ажурирање на поглавјата на платформата Youth Wiki која претставува сеопфатна база на податоци за националните структури, политики и активности кои се однесуваат на младите луѓе.

Во рамки на своите програмски активности НМСМ спроведе кампања за младите и локалните избори, а подготви и препораки за Локални Избори 2021 како и препораки за Програмата МКД 2030. А со цел зајакнување на младинското учество и промовирање на инклузивни и партиципативни модели за вклучување на сите млади во процесите на дијалог со институциите и донесување на одлуки на национално и локално ниво во 2021 беа организирани и повеќе

состаноци со претставници на 4 институции (АВРСМ, МТСП, АМС, Влада на РС Македонија и Клуб на млади пратеници), а беше потпишан и меморандум за соработка помеѓу НМСМ и АМС, а во Совет за млади на АМС свој претставник има и НМСМ.

## 1.3 Организациски развој

Капацитетите со кои располага Секретаријатот на НМСМ се основен ресурс за спроведување на програмските и проектни активности. Предводејќи се од вредностите на НМСМ најголем дел од вработени се млади, на голем дел вработувањето во НМСМ им е прво вработување на кое претходело волонтерско искуството. Степенот на образование и претходно работно искуство на вработените варира, меѓутоа за пофалба се вредностите на вработените изградени кон НМСМ. Од претходно спроведената проценка на капацитетите на Секретаријатот и утврдената потребата од ревидирање на описите на работни места и органограмот на Секретаријатот во 2021год. на организираните два работни Team retreat беа направени нацрт – документи со потребните промени. Дополнително водејќи се по стратешкиот план 2021-2023 и согласно утврдените стратешки прироритети и цели, како и згоелемениот обем на работа на НМСМ се наметна и потребата за поделба на работата на Секретаријатот по одделни програми. Согласно тоа и ревидирањето на описите на работните места, во новиот органограм покрај одделот за администрација и финансиии и одделот за комуникација, се додадени две нови програми – програма за добро владеење и програма за стратешки развој. Програмата за добро владеење ќе се фокусира на поттикнување и предводење на процеси за креирање на младински политики; унапредување и мониторирање на веќе-постоечките; застапување и соработка со/пред сите релевантни чинители (национални, регионални и меѓународни) со цел унапредување на положбата (младинско учество) и благосостојбата (квалитет на живот, како здравје, култура, екологија, дигитализација, маргинализирани млади..) на младите. Програмата има за цел да ги афирмира младите како активни носители на права. Клучни области на работа на програма за добро владеење се: Младинско учество; Младински политики; Истражување поврзано со младинско учество и младински политики; Застапување поврзано со младинско учество и

младински политики; Политики за младински стандард; Политики за вработување; Соработка со национални и меѓународни институции/организации. Програмата за стратешки развој има за цел да креира и имплементира активности во насока на градење на капацитетите на младинските форми на организирање; поддршка на личниот и професионалниот развој на младите; редовно да комуницира и обезбедува поддршка на организациите членки на НМСМ. Клучни области за работа на програмата за стратешки развој се: Развој на сите форми на младинско организирање; Развој на организации членки; Личен и професионален развој на млади; Благосостојба на млади и младински стандард; Градење на капацитети на сите форми на младинско организирање; Соработка со национални и меѓународни институции/организации во насока на остварување на целите на програмата; Истражување поврзано со развој на млади и младински организации (форми на младинско организирање); Застапување поврзано со развој на млади и младински организации (форми на младинско организирање).

Од аспект на превземени програмски активности од страна на вработените во Секретаријатот, најголем фокус беше ставен на обезбедување на поддршка на членството, аплицирање на проекти со цел да се обезбеди одржливост на организацијата, подготовка на анализи и истражувања, реакции базирано на потребите и побарувањата од страна на УО или организациите членки и сл. Дополнителни активности кои беа превземени од страна на вработените во Секретаријатот во насока на организациски развој се подготовка на проектни апликации во соработка со наши организации членки и надворешни партнери. Секретаријатот на НМСМ истовремено аплицираше на повици за консултантски услуги и активности. Дополнително вработените во Секретаријатот и претставниците на телата на НМСМ својот придонес го дадоја и преку учество на: состаноците на УО на НМСМ, состаноците на работните групи на НМСМ, обуки и работилници за градење на капацитети; настани на организациите членки на НМСМ и други граѓански организации; Работни групи на Европскиот младински форум, редовна комуникација и координација со телата на ЕМФ и други релевантни состаноци.

# 2 ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## 2.1 Проект за граѓанско учество - Civic Engagement Project (CEP)

Проект за граѓанско учество претставува петгодишна иницијатива за поддршка на македонскиот граѓански сектор и младинските организации кои ги вклучуваат граѓаните, приватниот сектор и владините институции, како и засегнатите страни за прашања од јавен интерес. Во рамки на проектот НМСМ организира едногодишна LEAD (Linking, Engagement, Advocacy, Development) програма која им овозможува на мотивираните млади луѓе, да стекнат вештини за да работат во рамките на нивните заедници. Исто така, LEAD им овозможува на младите учество во јавниот живот и процесот на донесување одлуки за прашања кои влијаат на нивниот живот, заедниците и воопшто на македонското општество. Проектот за граѓанско учество е имплементиран од страна на Ист Вест Менаџмент Институт (East West Management Institute – EWMI), во партнерство со три граѓански организации: Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис", Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ). Во 2021 година во рамките на проектот беше организирана обука за лидерство и застапување во која беа вклучени 28 учесници. Исто така беа поддржани 7 регионални канцеларии за застапување, а дополнително се реализираа и 7 обуки и 7 иницијативи за застапување. Во рамките на овој проект, преку активностите во 2021 опфатени се вкупно 526 млади лица.

**Период на реализација:** септември 2016 – јануари 2022

**Донатор:** УСАИД (USAID)

## 2.2 Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија

„Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија" е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и има за цел да ги поддржи демократските веродостојни изборни процеси кои го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција со тоа што на гласачите им овозможуваат да ги изберат своите претставници и од нив да бараат отчетност. Активностите воглавно се насочени кон три различни таргет групи, и тоа: изборната администрација, политичките партии и граѓанскиот сектор. Проектот е имплементиран од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во партнерство со Националниот младински совет на Македонија.

Во текот на 2021 година се реализраше втората Академија за јавни политики, на која учествуваа вкупно 24 млади лица, претставници на подмладоците на политички партии, кои по завршувањето на програмата од академијата спроведуваа иновативни иницијативи и со менторска поддршка подготвија документи за јавни политики. Исто така во 2021 се реализираше и тренинг програмата за втората генерација на мобилизатори на заедницата на која учествуваа 24 млади лица од сите статистички региони во Македонија. Мобилизаторите во период од 9 месеци спроведуваа мониторинг на верувањата на Влада и реализираа иновативни иницијативи. По завршувањето на ангажманот и успешната реализација на активностите, во 2021 година во проектот беа директно вклучени 48 млади, успешно беа реализирани 44 иновативни иницијативи и од подготвените документи за јавни политики беше изготвен Зборник на документи за јавни политики. Дополнително преку овој проект беа поддржани и организациите членки, кои успешно организираа 23 Town Hall дискусии, а беа ангажирани и 8 ментори од организациите членки. Преку спроведените јавни настани, дискусии и други активности, со проектот во 2021 индиректно беа опфатени повеќе од 2000 млади лица.

**Период на реализација**: август 2019 – февруари 2022

**Донатор:** Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ)

## 2.3 БАЛКАНСКИ МЛАДИ: Поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионални практики за вработување (BY LEAP)

Главната цел на проектот е да придонесе за младински претприемачки можности и да ги зајакне перспективите за вработување на младите од Западен Балкан. Главни активности на проектот се: национални конференции за претприемништво, тренинзи за градење на капацитети, вебинари и менторство на граѓански организации, промоција на учеството на студентските компании во образовните системи на Западен Балкан, регионален документ за јавни политики, job shadowing за граѓански организации, студиска посета. Преку овој проект има можност и за менторирање и субгрантирање на граѓански организации и студентски компании. Таргет групи на проектот се студентски компании, млади лица и студенти, граѓански организации, наставници, средни училишта, парламенти, стопански комори и носители на одлуки. Проектот има за цел да го зајакне учеството на основните граѓански организации и младинските иницијативи во регионалната мрежа и да обезбеди одржливост на младите претприемачи (студенти / млади) компании преку активности за демонстрација и обука / менторство. Напорите ќе се насочат кон подобрување на опкружувањето на политиките и поддршка на иницијативите за развој на човечки и институционален капацитет / работна сила кои одговараат на потребите на граѓанските организации и на локалните / основните корисници. Во текот на 2021, преку овој проект беа доделени 3 мали грантови на организации членки и беше организирана обука за пишување на документи за јавни политики на која учествуваа вкупно 20 младински организации.

**Период на имплементација:** март 2020 - 2023 година

**Донатор:** Европска Унија.

## 2.4 МладиХАБ - Дигитална младина (MladiHUB - Digital Youth)

Проектот „МладиХАБ-Дигитална младина“ го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија во партнерство со Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ. Проектот им нуди пристап до обуки за дигитални и меки вештини во замена за општокорисна работа на младите лица на национално ниво.  Во зависност од нивните вештини и интереси, како и од потребите на заедницата во која живеат, младите учествуваат во различни општокорисни иницијативи и на тој начин добиваат обуки од сертифицирани провајдери и

можности за вмрежување и животно искуство. Како дел од проектот е креирана и платформа преку која младите луѓе ќе можат да стекнат нови вештини и да ги подобрат нивните дигитални вештини. Со зајакнување на своите лични и професионални вештини младите ќе можат а одговорат на дигиталната трансформација на економијата. Дополнително преку проектот е креирана платформата „CareerHub“ која има за цел да овозможи поврзување млади талентирани професионалци што поседуваат дигитални вештини со работодавачи што имаат потреба од ангажирање на соработници со полно или скратено работно време, хонорарен ангажман, практиканство или волонтирање. Платформата нуди можности за младите да пребараат и аплицираат на оглас за работа, хонорарен ангажман, практикантсво или волонтирање и истовремено работодавачите да објавуваат оглас, да следат статистика на посетеност на огласите што ги објавиле, да пребаруваат по апликациите доставени на огласот од корисниците баратели на работа.

**Период на реализација:** мај 2019 – март 2021

**Донатор:** Британска амбасада во Скопје

## 2.5 МЛАДИХАБ – ГРАДЕЊЕ ВЕШТИНИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, КОМПЕТЕНЦИИ И МОЖНОСТИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ ЗА МЛАДИТЕ

Главна цел на проектот беше да придонесе кон професионален развој и економска независност на младите преку одржлив систем за градење вештини и компетенции прилагодени на потребите на пазарот на труд. Оваа цел проектот ќе ја постигне преку три компоненти:

1.Градење практични вештини кај младите што ќе им помогнат да најдат соодветно работно место;

2.Креирање можности за поврзување на младите со работодавачите и

3.Обезбедување поддршка за млади за вклучување на пазарот на труд и можности за нивен личен и професионален развој.

Во рамки на проектот ќе се нудат повеќе видови поддршка за млади, прилагодени на нивните потреби интереси и тоа: поврзување со работодавачи и покривање на надоместот за спроведување практикантска работа; тутурство во работа на проекти; менторство за олеснување на вклучувањето во пазарот на труд и започнување свој бизнис. Исто така, ќе

бидат отворени и три нови хабови, кои покрај хабот во Скопје, ќе нудат широк спектар можности за младите. Овие хабови ќе бидат отворени во Штип, Битола и Тетово.

Проектните активности директно влијаат врз подобрување на шансите на младите за вработување, промовира иновативност, придонесува кон економска еманципација на младите и ја подобрува економската состојба во земјата. Во рамките на проектот во 2021 година преку Хакатон беа наградени 15 млади лица, во двомесечна платена практикантска програма беа вклучени 100 практиканти и 156 млади учествуваа во програма за кариерно советување. Резултатите од овој проект, говорат и за 55 вработени млади, а преку сите активности на проектот директно вклучени се 600 млади лица. Дополнително со проектот е обезбедена и поддршка за отворање на 3 регионални МладиХаб канцеларии во Гостивар, Штип и Битола.

**Период на имплементација:** јуни 2021 – март 2022

**Донатор:** Британска амбасада во Скопје

## 2.6 SOCIAL ENTREPRENEURSHIP FOR YOUTH EMPLOYMENT – СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ

Главна цел на проектот е да поттикне економско зајакнување и развој на социјални претпријатија предводени од млади. Преку различни активности, проектот ќе обезбеди можности за градење капацитети за невработени млади лица, а истовремено ќе ги води низ процес на саморазвој и раст во полето на социјалното претприемништво како модерен начин на самовработување.

Проектот се стреми да воспостави поволна средина за младинско социјално претприемништво со што би се намалила невработеноста кај младите; да ги зајакне компетенциите и капацитетите на ранливите млади; да го промовира социјалното претприемништво предводено од млади; да ги вклучи младите во социјалните претпријатија како и да обезбеди простор за прибирање средства за имплементација на нови идеи за социјални претпријатија.

Главни активности на проектот се: детална анализа на социјалното претприемништво, градење на капацитетите преку обуки за меки вештини, претприемништво, прибирање средства и вклучување во заедницата, финансиска поддршка

за социјални претпријатија, веб платформа за прибирање финансиски средства која исто така ќе служи и  како национален ресурсен центар за социјално претприемништво како и  креирање на Национален акциски план за младинско вработување 2022-2025.

**Период на имплементација:** декември 2021 – декември 2023

**Донатор:** Европска Комисија

## 2.7 REINFORCEMENT OF SUPPORT STRUCTURES FOR NEETS IN THE ENTREPRENEURIAL FIELD – ЗАКАЈНУВАЊЕ НА СТРУКТУРИТЕ НА NEET МЛАДИ ВО ПРЕТПРИЕМНИЧКОТО ПОЛЕ

Проектот “E4NEETs“ – „Зајакнување на структурите за поддршка на NEET млади во претприемничкото поле“ има за цел да го зголеми пристапот до претприемништво за младите лица кои се во NEET групата (кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука). Проектот дополнително ќе понуди можност за професионалци кои работат со NEET млади без специфична експертиза за социјално претприемништво. Основните и планираните активности на проектот ќе ги изградат неопходните услови за зајакнување на вештините на професионалците кои работат со NEET млади преку информирање за претприемништвото и социјалното претприемништво и обучување за подобро да ги водат и поддржат младите кон претприемништвото. Очекувани резултати од проектот се: стекнување на нови вештини за претприемништво и социјално претприемништво за професионалниците кои работат со NEET млади; зголемување на свеста на NEET млади за претприемништво и социјално претприемништво; зголемување на свеста на креаторите на политики и раководителите на компаниите за  придобивките од вклучување на NEET млади; транснационална дисеминација на овие иновативни методи низ Европа и Медитеранската област.

**Период на имплементација:** ноември 2021 – ноември 2023

**Донатор**: Европската Комисија

# 3 Работен план на Националниот младински совет на Македонија 2021 година

| Стратешки приоритет 1: Зајакнување, професионализација и следење на развојот на капацитетите на работните тела и членките на НМСМ | |
|---|---|
| *Стратешка цел: 1 (1.1) Јакнење на организацискиот капацитет и одржливост на НМСМ, организации членки и други форми на локално, регионално и национално младинско здружување* | |
| **Планирани активности** | **Реализирани Активности** |

| | |
|---|---|
| 1.1. Обуки за личен и професионален развој на вработените и членовите на работните тела и организации-членки на НМСМ;<br>1.2 Воспоставување на систем за мотивација на вработени;<br>1.3 Организирање на активности за зајакнување на тимот и членството на НМСМ во насока на градење на организациска култура;<br>1.4 Организирање на студиски посети на младински совети во други земји;<br>1.5 Промовирање на НМСМ на локално ниво;<br>1.6 Унапредување и практикување на целокупен систем за електронска и печатена архива во насока на градење на институционална меморија на организацијата;<br>1.7 Реконструирање, реорганизирање и едукативни активности за јакнење на базата на обучувачи. | 1.1 Обуки за вработени во НМСМ (Албански јазик, менаџирање со проектен циклус, организациски развој.<br>1.2 Организирани два ритрити на вработените во Секретаријат и Управен одбор.<br>1.3 Организирани 3 обуки (за прибирање на финансиски средства, застапување и комуникации) за организации членки<br>1.4 Потпишани 2 меморандуми со Националните младински совети од Западен Балкан<br>1.5 Подготвтени 2 проектни апликации со други Национални младински совети.<br>1.6 Спроведени 3 онлајн информативни кампањи за НМСМ и организациите членки на НМСМ.<br>1.7 Воспоставување соработка со општините Гостивар, Штип и Битола |
| ***Стратешка цел: 2 (1.2) Јакнење на капацитетите на организациите членки, но и на сите други форми на организирање на младите за дејствување во рамки на граѓанскиот сектор*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 2.1 Активности за застапување со цел обезбедување структурно и долгорочно финансирање на младинските организации; | 2.1 Поддржани 30 организации членки за спорведување Активности (16 Town Hall discussions, 7 Youth Policy Labs, 1 Hackathon, 3 Small grant Scheme BYLEAP, 3 заедничка ИПА апликација); |

| | |
|---|---|
| 2.2 Креирање на програми за јакнење на капацитетите на регионалните канцеларии за работа со млади во регионите каде што дејствуваат;<br>2.3 Поддршка на младински иницијативи и обезбедување на логистика за организирање на настани;<br>2.4 Континуирани периодични посети на организации членки на НМСМ во насока на зајакнување на комуникацијата со регионалните канцеларии и членството и зголемување на транспареноста и отвореноста на НМСМ кон членките;<br>2.5 Спроведување на обуки и користење на можности за професионален развој на човечките ресурси во организациите членки. | 2.2 15 организации членки вклучени во обуки (прибирање средства 4, застапување 4 и комуникации 7);<br>2.3 Ментори за креирање на Стратешки планови и План за прибирање средства на 6 организации членки;<br>2.4 Поддржани иницијативи на 4 организации членки;<br>2.5 Организирани 4 средби на други чинители со 21 организација членка;<br>2.6 Поддржани 19 организации членки со 29 парктиканти;<br>2.7 Обезбеден простор за настани и обуки на 9 организации членки (40 користење на Млади Хаб, 3 користење на ZOOM). |
| ***Стратешка цел 3 (1.3) Јакнење на соработката помеѓу организациите членки и зголемување на нивната вклученост во работата на НМСМ*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 3.1 Унапредување и дигитализација на каналите за комуникација помеѓу организациите членки и НМСМ<br>3.2 Развивање на алатки за полесно информирање на организациите членки за работата на НМСМ<br>3.3 Спроведени активности за промоција на млади.мк | 3.1 Обезбедена континуирана поддршка на ОЧ за користење на млади.мк и платформата careerhub.mladihub.mk;<br>3.2 Иницијатива за Законска измена на Законот за работни односи (алтернативни мерки за пријавување на невработени);<br>3.3 Подготвени препораки за Локални Избори 2021;<br>3.4 Подготвени препораки за Програмата МКД 2030; |

| | |
|---|---|
| 3.4 Изработка на кратки документи за јавни политики (на теми од интерес за младите) и нивно застапување пред надлежните институции<br>3.5 Подготовка  на документи за јавни политики од страна на организациите членки од интерес за младите на локално ниво<br>3.6 Менторство на организациите – членки за пишување и аплицирање на проекти, како и во процесот на нивна реализација<br>3.7 Вмрежување со организации кои се потенцијални партнери или членки преку учество на заеднички активности | 3.5 Организирани средби со чинители со присуство на Организации членки;<br>3.6 Обука за пишување на документи за јавни политики за 5 организации членки (20 младински организации) преку проектот BYLEAP;. |
| ***Стратешка цел 4 (1.4) Воспоставување на фонд за прибирање на средства за одржливост и континуирано работење на НМСМ*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 4.1 Истражување на законска и правна регулатива за прибирање на средства од економски активности на НМСМ<br>4.2 Истражување на ставови и мислења кај НМСМ и организациите членки за методот и начинот на воспоставување на фондот (опсег, начин на прибирање и користење на средства итн.)<br>4.3 Дефинирање на модел за воспоставување на фонд, креирање на потребни акти за негово регулирање | 4.1 Подготвен деловник за работа на Фонд за членки;<br>4.2 Воспоставен фонд за членки (расположливи средства 1.312.000 денари). |

| | |
|---|---|
| 4.4 Дефинирање на активности за прибирање на средства за фондот | |
| ***Стратешка цел 5 (1.5) Воспоставување на фонд за прибирање на средства за одржливост и континуирано работење на НМСМ*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 5.1 Истражување и консултации со работни тела и УО на НМСМ, како и организации членки за систем на мониторинг и следење на работата на НМСМ кој што би бил усогласен со потребите на сите тела;<br>5.2 Изработка на внатрешни акти за воспоставување на системот и практиките за негова функционалност;<br>5.3 Изготвување на извештаи за резултатите од работењето на НМСМ на полугодишно ниво; | 5.1 Спроведена проценка на капацитети на Организации членки;<br>5.2 Подготвени извештаи за работата на НМСМ (за собрание);<br>5.3 Редовни објави за поддршката на организации членки;<br>5.4 Подготвени прирачници за делегати. |

| | |
|---|---|
| **Стратешки приоритет 2: Интеграција и зајакнување на младинското претставување во општествено политичките процеси** | |
| ***Стратешка цел 1 (2.1) Зајакнување на младинското учество и промовирање на инклузивни и партиципативни модели за вклучување на сите млади во процесите на дијалог со институциите и донесување на одлуки на национално и локално ниво*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 1.1 Креирање механизми за ефикасно вклучување на ЛМС во НМСМ;<br>1.2 Формирање и водење на национална група за структурен дијалог; | 1.1 Организирани 23 Town Hall Discussions за локални приоритети на млади (со организации членки); |

| | |
|---|---|
| 1.3 Вклучување на активности поврзани со млади во Планот за отворено владино партнерство 2022-2024, како и следење на реализацијата на планот;<br>1.4 Соработка со НМСМ за формирање на работни групи за иницијативи за промени (од ЛГБТИ лица и лица од маргинализирани групи);<br>1.5 Активности за поддршка на членките при соработка, застапување и лобирање на теми кои одговараат со вредностите и мисијата на НМСМ. | 1.2 Спроведени обуки за заастапување и креирање политики за 30 учесници (млади);<br>1.3 Еден претставник од НМСМ во Советот за млади при АМС;<br>1.4 Организирани состаноци со 4 институции; (АВРСМ, МТСП, АМС, Влада, Клуб на млади пратеници)<br>1.5 Possition paper за Западен балкан (вработување на млади)<br>1.6 Меморандум за соработка со АМС;<br>1.7 Меморандум за соработка со младинките совет од Западен балкан;<br>1.8 Предводење на Policy Labs на проектот WBYL спроведуван од RCC. |
| ***Стратешка цел 2 (2.2) Зајакнување на младинското учество и промовирање на инклузивни и партиципативни модели за вклучување на сите млади во процесите на дијалог со институциите и донесување на одлуки на национално и локално ниво*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 2.1Спроведување на промотивни активности за зголемување на видливоста на НМСМ на национално и локално ниво<br>2.2 Застапување пред пратеничките групи во Собрание за регулирање на НМСМ како претставничко тело во адекватната легислатива за млади | 2.1 15 млади наградени на Хакатон (МладиХаб);<br>2.2 Поддржано отварање на 1 регионална МладиХаб канцеларија (Гостивар);<br>2.3 Измена во законот за трговски друштва за регистрирање на трговско друштво за 1 евро.<br>2.4 Организирани 40 настани со различни чинители, млади и претставници на младински организации; |

| | |
|---|---|
| 2.3 Зголемување и активирање на членството на НМСМ преку воведување различни механизми за учество<br>2.4 Продлабочување на соработката со Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија<br>2.5 Средби за доближување и запознавање на младинските организации и младите со институциите<br>2.6 Активно учество и организација на регионални и меѓународни настани за млади и младински политики<br>2.7 Активно учество (во креирање), евалуација и мониторинг на имплементацијата на владините младински политики<br>2.8 Студиски посети на младински совети, младински центри и други сервиси за млади во други земји | 2.5 Застапување за политики за вработување на млади и поддршка на млади за ментално здравје (RCC);<br>2.6 Учество на 4 регионални настани организирани од НМС и/или RYCO;<br>2.7 Награда за младинско учество (Наградена 1 организација членка);<br>2.8 Поддржани 22 (5 од членки) претставници на подмладоци на политички партии за креирање на документи за јавни политики и нивно застапување;<br>2.9 Отворен повик за Possition Papers од организации членки на Собрание;<br>2.10 Апликација на заеднички проекти со повеќе членки: ФРЛЗ, ЈЕП, СФЕРА<br>2.11 Формирана работна група за членки за позиционирање во однос на Национално собрание<br>2.12 Спроведена анализа за имплементацијата на Законот |

| |
|---|
| **Стратешки приоритет 3: Вклучување, позиционирање и мониторинг на спроведувањето на законот за младинско учество и младински политики** |

| | |
|---|---|
| ***Стратешка цел 1 (3.1) Зајакнување на подготвеноста на НМСМ, младинските организации и другите форми на младинско организирање за застапување на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 1.1 Активности за информирање на младинските организации за Законот за младинско учество и младински политики<br>1.2 Организирање и спроведување на обуки за лобирање и застапување со фокус на Законот за младинско учество<br>1.3 Формирање на работно тело на НМСМ за спроведување на Законот<br>1.4 Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Законот за младинско учество | 1.1 Подготвена стратегија за позиционирање на НМСМ во однос за Законот за младинско учество и младински политики;<br>1.2 Подготвени препораки за доследна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики;<br>1.3 Спроведена анализа за имплементацијата на Законот;<br>1.4 Поддржана иницијатива (ПИР – Мобилизатори на заедницата) за младински службеници;<br>1.5 Поддржани организации членки за формирање на ЛМС. |
| ***Стратешка цел 2 (3.2) Соработка и стимулирање на надлежните институции со цел навремено и квалитетно остварување на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 2.1 Состаноци townhall средби и други активности со локалните власти со цел застапување заради спроведување на одредбите од законот;<br>2.2 Потпишување на меморандум за соработка со АМС со цел спроведување на Законот; | 2.1 Оддржани состаноци со Општина Штип, Општина Гостивар и Општина Битола за поддршка и отварање на Регионални канцеларии и потпишани меморандуми за соработка со Општина Гостивар и Општина Штип; |

| | |
|---|---|
| 2.3 Изработка и спроведување на план за мониторинг и евалуација за спроведување на законот. | 2.2 Потпишан меморандум за соработка со АМС;<br>2.3 Редовна верификација на  Регистарот на младински организации, организации за млади и чадор организации;<br>2.3 Редовна соработка со АМС за имплементација на Законот;<br>2.4 Изработена матрица за мониторинг на имплементацијата на законот. |
| ***Стратешка цел 3 (3.3) Зајакнување на општествената свест за важноста на Законот и одредбите што произлегуваат од него*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 3.1 Активности на социјални медиуми за промоција на Законот помеѓу младите луѓе<br>3.2 Локални активности за презентација на Законот преку регионалните канцеларии на НМСМ и организациите – членки<br>3.3 Активности за информирање на пошироката јавност за Законот | 3.1 Промоција на законот преку Town Hall Discussions;<br>3.2 Промоција на Законот преку поддржани иницијативи на Мобилизатори на заедницата и LEADMK Стипендисти;<br>3.3 Редовно споделување на информации за законот на социјалните медиуми; |

| |
|---|
| **Стратешки приоритет 4: Поддршка и заштита на младите во остварување  и унапредување на нивните права** |
| ***Стратешка цел 1 (4.1) Подобрување на пристапот на младите до информации за нивните права и одговорност*** |

| Планирани активности | Реализирани активности |
| --- | --- |
| 1.1 Истражување и споделување соодветни и потребни информации за правата на младите;<br>1.2 Креирање на платформа за застапување на младите од локалната заедница;<br>1.3 Организирање на презентации и информативни настани за законската регулатива која што ги засега младите; | 1.1Анализа на листи на кандидати за Локални избори 2021 година;<br>1.2 Обезбедена опрема за CoWork Гостивар;<br>1.3 Поддржани млади за вработување (Практикантство, Туторство, Промотори (МладиХаб)) – 56 вработени преку практикантство, 20 ангажирани како промотори, 3 бизнис идеи кои ќе добијат инвестиција од бизнис ангели, 20 вработени после кариерно советување);<br>1.4 YouthWiki – Информирање на младите за младински политики;<br>1.5 Креирани 4 документи за јавни политики (22 преку Академија за јавни политики)<br>1.6 Спроведени настани за информирање за младински политики (24 преку мобилизатори, 6 НМСМ)<br>1.7 Поддржани 7 локални младински иницијативи (Youth Policy Labs) |
| ***Стратешка цел 2 (4.2) Унапредување на пристапот на посебни групи на млади до нивните загарантирани човекови права*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 2.1 Организирање на обуки за основните човекови права кои младите ги имаат | 2.1 Спроведена обука за COMPASS (Тренинг за подобрување на образованието на млади за човекови права); |

| | |
|---|---|
| 2.2 Поголемо вклучување на младите од руралните средини и маргинализираните групи (млади со посебни потреби, млади од социјално-загрозени семејства, млади од поправно-воспитни установи, млади припадници на ЛГБТ заедниците итн.)<br>2.3 Редовно споделување на информации и активности за прашања поврзани со млади<br>2.4 Превземање на заеднички иницијативи и активности за унапредување на правата на посебни групи на млади на локално ниво | 2.2 Препораки за унапредување на правата на младите;<br>2.3 Отворен повик за Possition Papers од организации членки на Собрание. |
| ***Стратешка цел 3 (4.3) Формално препознавање на права на млади*** | |
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 3.1 Изработка на план и програма за делување во кризни и  пост-кризни ситуации, а во насока на заштита на правата и еднаков пристап и во услови на криза<br>3.2 Вклучување во процесите на изработка, донесување и следење на законски решенија и политики во делот на младински стандард, практиканство, волонтерство, младинска работа, еднаков пристап до образование, вработување, итн.<br>3.3 Активно учество во креирање на годишните програми и буџети на институциите | 3.1 Иницијатива за законска измена на Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност (алтернативни начани на регистирање на невработени лица)<br>3.2 Состаноци со институции<br>3.3 Анализа на ресурсите за поддршка на NEETs млади;<br>3.4 Започната иницијатива за поддршка на ментално здравје на млади. |

| ***Стратешка цел 4 (4.4) Поддршка на средношколците во остварувањето и заштитата на нивните права и потреби*** | |
|---|---|
| **Планирани активности** | **Реализирани активности** |
| 4.1 Остварување на средби со средношколски здруженија и иницијативи и студенти<br>4.2 Изработка на предлози за застапување на барањата и потребите на средношколците и студентите како и застапување на истите пред институциите | 4.1 Отворен повик за Possition Papers од организации членки на Собрание; |

## 4 НМСМ и Social Media

Бидејќи социјалните мрежи во денешно време се највлијателниот и најпосетуван медиум, во најголем дел комуникацијата и информирањето за активностите и можностите на НМСМ со младите но и со целокупната јавност се одвиваше главно преки социјалните медиуми. Во текот на цела 2021 година активно и редовно се споделуваа објави поврзани со активностите на НМСМ и можностите за младите, а активноста на НМСМ на социјалните медиуми преку бројки е прикажана во продоложение:



40
Објави на
веб страна

**Instagram**

32
Објави

70 164
Reach

2 817
Profile
Visits

1 093
(+185)
Followers

33
Објави на
други медиуми

**Mladi.mk
Facebook Page**

380
Објави на
веб страна
mladi.mk

378
Објави

16 858
Page
Reach

3 295
Page
Visits

6 312
(+488 )
Page Likes

55
Организации
регистрирани
на mladi.mk

Активната работа и присуството на НМСМ на социјалните медиуми во 2021година се потврдуваат и со номинацијата за сајт на годината на платформите mladi.mk и CareerHub во 4 категории, при што платформата CareerHub е рангирана на второ место во категоријата најдобар сајт за огласи и вработувања, а mladi.mk на  трето место во категоријата најдобар сајт за вести и информации.

# 5 Секретаријат на Национален младински совет на Македонија

Во Секретаријатот на НМСМ во 2021 година, работен ангажман имаат следните лица

1. Мариана Ангелова – Генерален секретар (од 20 Јануари 2021)
2. Јана Јосифовска – Финансиски и админситративен менаџер
3. Александра Филипова – Координатор за членство
4. Филип Кулаков – Координатор за меѓународни односи и политики
5. Јордан Николовски – Координатор за комуникации
6. Елена Димовска – Координатор истражувач (до 1 Јули 2021)
7. Весна Радиновска – Проектен координатор МладиХаб (до 30ти Ноември 2021)
8. Стефан Филиповски – Финансиски и административен асистент (до 29ти Септември 2021)

9. Албина Сафадини – Проектен асистент (Поддршка на изборните реформи)
10. Игор Димовски – Координатор за комуникации МладиХаб (до 31 Март 2021)
11. Гуѕим Нухиу – Проектен асистент ЦЕП и МладиХаб (до 31 Март 2021)
12. Сибел Амет – Грант координатор (Поддршка на изборните реформи) (од 1ви Март 2021 до 31ви Мај 2021)
13. Елена Ацевска - Грант координатор(Поддршка на изборните реформи -од 1ви Ноември 2021 до 31ви Јануари 2022)
14. Ане Матевска – Проектен координатор Поддршка на изборните реформи (од 5ти Ноември 2021)
15. Ангела Атанасовска – Финансиски и админситративен асистент (од 2ри декември 2021)
16. Сара Ристеска – Проектен асистент МладиХаб (од 16ти Декември 2021)